**Издавач:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ул. “Даме Груев” бр.4, Скопје

**Телефон** +389/02/3295-600
**Факс** +389/02/3111-336

**Веб-страница:** http://www.stat.gov.mk

**Одговара:**
Апостол Симовски, в.д. Директор

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ**

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

502/504:657.471/474"2015"(497.7)(083.41)

КЛАСИФИКАЦИЈА на активности и трошоци за заштита на животна средина, 2015. - Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2016. - 24 стр.: граф. прикази; 51 см. - ((Класификации, методологии, номенклатури и стандарди, ISSN 1409-7044; (5.8.16.01))

ISBN 978-608-227-251-1
а) Класификација на активности и трошоци за заштита
на животна средина, 2015 - Македонија

- Статистички податоци

COBISS.MK-ID 102226442

## ПРЕДГОВОР

Државниот завод за статистика, како одговорна институција за продуцирање на официјалната статистика и како координатор на статистичкиот систем во Република Македонија, се стреми кон продуцирање на релевантни, објективни и меѓународно споредливи статистички податоци. Продуцирањето на споредливи статистички податоци на европско и на меѓународно ниво, неминовно бара ревидирање на постоечкиот класификациски систем и хармонизација на статистичкиот систем на земјата со статистичките системи на земјите од Европската Унија.

Во процесот на хармонизација на македонската статистика со европските статистички стандарди од особено значење беше усвојувањето и примената на европските статистички методологии, номенклатури и класификации.

Една од нив е и Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН, 2017.

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН, 2017, претставува национална верзија на Европската класификација на индивидуалната потрошувачка според намената, ECOICOP (European Classification of Individual Consumption according to Purpose) од 2010 година и на Класификацијата на личната потрошувачка според намената на Обединетите нации COICOP (Classification of Individual Consumption by Purpose) од 1999 година (за категориите 01-12).

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН, 2017, се користи во статистичките истражувања при пресметката на индексите на цените на мало на добрата и услугите и на индексите на трошоците на животот. Оваа Класификација, исто така, се користи и за класифицирање на трошоците за финална потрошувачка на домаќинствата на пониско ниво од вкупното.

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН, 2017, е подготвена во Одделението за методологија, квалитет на статистички истражувања и класификации.

Скопје, 2017 година

**Директор**

**Апостол Симовски**

# СОДРЖИНА

страна


**Предговор** ..... 3

**ДЕЛ I**

Вовед..... 6

Методолошки објаснувања ..... 6

Опфат во Класификацијата на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН) ..... 9

**ДЕЛ II**

Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017

01 Храна и безалкохолни пијалаци ..... 11

02 Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици ..... 16

03 Облека и обувки..... 18

04 Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива..... 21

05 Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата..... 25

06 Здравствена заштита ..... 31

07 Транспорт..... 33

08 Комуникации..... 36

09 Рекреација и култура ..... 37

10 Образование ..... 45

11 Ресторани и хотели ..... 47

12 Разновидни стоки и услуги..... 48

# ДЕЛ I

## Вовед

Според Речникот на Обединетите нации за поимите во класификациите[1)], терминот номенклатура се дефинира како систематско именување или систем на имиња и термини на категории или предмети, додека, пак, под терминот класификација се подразбира, покрај именување и подредување и кодирање според одредени структури.

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017, претставува национално именување на личната потрошувачка според намената на добрата и услугите, усогласено со ECOICOP 2010 (European Classification of Individual Consumption according to Purpose) и со COICOP 1999 (Classification of Individual Consumption by Purpose) за категориите 01-12.

## Методолошки објаснувања

### Структура на Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017, кореспондира со следните класификации:

- Classification of Individual Consumption by Purpose, COICOP (1999),
на ниво на 4 цифри,
- European Classification of Individual Consumption according to Purpose, ECOICOP (2010),
на ниво на 5 цифри.

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017, опфаќа:

- 12 категории со 2 цифри,
- 47 категории со 3 цифри,
- 117 категории со 4 цифри,
- 303 категории со 5 цифри,
- 6 категории со 6 цифри.

Во Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017, личната потрошувачка е класифицирана во следните категории на добра и услуги:

- 01 Храна и безалкохолни пијалаци,
- 02 Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици,
- 03 Облека и обувки,
- 04 Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива,
- 05 Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата,
- 06 Здравствена заштита,
- 07 Транспорт,
- 08 Комуникации,
- 09 Рекреација и култура,
- 10 Образование,
- 11 Ресторани и хотели,
- 12 Разновидни стоки и услуги.

[1)] United Nations Glossary of Classification Terms

http://unstats.un.org/unsd/class/family/glossary_short.asp#C

Категориите на добра и услуги според намената на добрата и услугите (дефинирани на ниво на 4 цифри од шифрата), припаѓаат на:

- Трајни добра,
- Полутрајни добра,
- Нетрајни добра,
- Услуги.

**Шифра на категоријата на добра и услуги**

Шифрата на категоријата на добра и услуги се идентификува со 6 цифри.

| **Структура на КЛПН** | | |
|---|---|---|
| **XX** | = | категорија со 2 цифри |
| **XX.X** | = | категорија со 3 цифри |
| **XX.X.X** | = | категорија со 4 цифри |
| **XX.X.X.Y** | = | категорија со 5 цифри |
| **XX.X.X.Y/n** | = | категорија со 6 цифри |

Првите четири цифри (XX.X.X) кореспондираат со Classification of Individual Consumption by Purpose, COICOP (1999).

Првите пет цифри (XX.X.X.Y) кореспондираат со European Classification of Individual Consumption according to Purpose, ECOICOP (2010).

Шестата цифра (n) од шифрата (XX.X.X.Y/n) ја дефинира категоријата на добра и услуги на национално ниво.

Шестата цифра е додадена во категоријата 10-Образование со цел усогласување со „Системот на образование во Република Македонија во однос на ISCED2011 - Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ (2013)“.

**Примена на Класификацијата на личната потрошувачка според намената, КЛПН 2017**

КЛПН е дел од системот на економски класификации кои се однесуваат на потрошувачката (или функционални класификации) кои се меѓусебно поврзани во интегриран систем на класификации на светско, европско и национално ниво (види во приложената шема).

Целта на Класификација на личната потрошувачка според намената е да постави рамка на хомогени категории на добра и услуги кои се сметаат како функција или цел на потрошувачката во домаќинствата, со цел класифицирање на трансакциите во однос на личната потрошувачка, социјалните трансфери и реалната потрошувачка на домаќинствата.

Класификацијата на личната потрошувачка според намената се користи во статистичките истражувања при пресметката на индексите на цените на мало на добрата и услугите и на индексите на трошоците на живот, т.е., за групирање на индивидуалните индекси на повисоко ниво од индивидуалното (односно на 5, 4, 3, 2 цифри и вкупно).

Класификацијата на личната потрошувачка според намената, исто така, се користи и за класифицирање на трошоците за финалната потрошувачка на домаќинствата на пониско ниво од вкупното, т.е. на ниво на 2 цифри и 3 цифри.




COFOG - Classification of the Functions of Government

COICOP - Classification of Individual Consumption by Purpose

COPNI - Classification of the Purposes of (Private) Non-Profit Institutions serving Households

COPP - Classification of Outlays of Producers by Purpose

ECOICOP - European classification of individual consumption according to purpose

КФВ - Класификација на функциите на владата

**КЛПН - Класификација на личната потрошувачка според намената**

КЦНИД - Класификација на целите на непрофитните институции кои им служат на домаќинствата

**Опфат во Класификацијата на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)**

| Шифра | Назив | Категорија со: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2 цифри | 3 цифри | 4 цифри | 5 цифри | 6 цифри |
| | **Вкупно** | **12** | **47** | **117** | **303** | **6** |
| 01 | Храна и безалкохолни пијалаци | 1 | 2 | 11 | 61 | 0 |
| 02 | Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици | 1 | 3 | 5 | 14 | 0 |
| 03 | Облека и обувки | 1 | 2 | 6 | 12 | 0 |
| 04 | Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива | 1 | 5 | 15 | 25 | 0 |
| 05 | Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата | 1 | 6 | 12 | 40 | 0 |
| 06 | Здравствена заштита | 1 | 3 | 7 | 14 | 0 |
| 07 | Транспорт | 1 | 3 | 14 | 28 | 0 |
| 08 | Комуникации | 1 | 3 | 3 | 11 | 0 |
| 09 | Рекреација и култура | 1 | 6 | 21 | 53 | 0 |
| 10 | Образование | 1 | 5 | 5 | 6 | 6 |
| 11 | Ресторани и хотели | 1 | 2 | 3 | 6 | 0 |
| 12 | Разновидни стоки и услуги | 1 | 7 | 15 | 33 | 0 |

# ДЕЛ II

# КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА СПОРЕД НАМЕНАТА, 2017

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 01 | **ХРАНА И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ** | | |
| 01.1 | **Храна** | | |
| 01.1.1 | **Леб и житарици** | | нетрајни добра |
| 01.1.1.1 | **Ориз** | Вклучува:<br>- ориз во сите облици, вклучувајќи ориз подготвен со месо, риба, морски плодови или зеленчук (доколку оризот претставува најважна состојка)<br>Исклучува:<br>- оризово брашно (01.1.1.2) | |
| 01.1.1.2 | **Брашно и други житарици** | Вклучува:<br>- пченка, пченица, јачмен, овес, 'рж и други житарици во облик на зрно, брашно или гриз<br>- оризово брашно | |
| 01.1.1.3 | **Леб** | Вклучува:<br>- леб и печива | |
| 01.1.1.4 | **Други пекарски производи** | Вклучува:<br>- крцкав леб, двопек, тост-леб, бисквити, колачи со ѓумбир, обланди, вафли, чајни печива, мафини, кроасани, други колачи, пити со овошје, благи пити<br>Исклучува:<br>- пити со месо (01.1.2.8)<br>- пити со риба (01.1.3.6) | |
| 01.1.1.5 | **Пица и пити** | Вклучува:<br>- производи на база на брашно, подготвени со месо, риба, морски плодови, сирење, зеленчук или овошје<br>Исклучува:<br>- пити со месо (01.1.2.8)<br>- пити со риба (01.1.3.6) | |
| 01.1.1.6 | **Тестенини и кускус** | Вклучува:<br>- равиоли, канелони, лазањи, итн.<br>- производи од тестенини во сите облици<br>- кускус, вклучувајќи и подготвени јадења врз база на тестенини или кускус | |
| 01.1.1.7 | **Житарици за појадок** | Вклучува:<br>- пченкарни снегулки (корнфлекс), овесни снегулки, мусли, итн. | |
| 01.1.1.8 | **Други производи од житарици** | Вклучува:<br>- мешавини и теста за подготовка на пекарски производи<br>- други производи од житарици (слад, брашно од слад, екстракт од слад, скроб од компир, тапиока, саго и други видови скроб) | |
| 01.1.2 | **Месо** | | нетрајни добра |
| 01.1.2.1 | **Говедско и телешко месо** | Вклучува:<br>- свежо, разладено или замрзнато месо од говеда<br>- крави или телиња купени живи, за исхрана<br>Исто така, вклучува:<br>- мелено говедско или телешко месо | |
| 01.1.2.2 | **Свинско месо** | Вклучува:<br>- свежо, разладено или замрзнато месо од свињи<br>- свињи купени живи, за исхрана<br>Исто така, вклучува:<br>- мелено свинско месо | |
| 01.1.2.3 | **Јагнешко и козјо месо** | Вклучува:<br>- свежо, разладено или замрзнато месо од овци и кози<br>- јагниња и кози купени живи, за исхрана<br>Исто така, вклучува:<br>- мелено јагнешко и козјо месо | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 01.1.2.4 | **Месо од живина** | Вклучува:<br>- свежо, разладено или замрзнато месо од живина (кокошки, патки, гуски, мисирки, бисерки, итн.)<br>- живина купена жива, за исхрана<br>Исто така, вклучува:<br>- мелено месо од живина | |
| 01.1.2.5 | **Други видови месо** | Вклучува:<br>- свежо, разладено или замрзнато месо од:<br>• коњи, мазги, магариња, камили и слично<br>• куни, диви зајаци и дивеч (антилопи, елени, диви свињи, фазани, еребици, гулаби, потполошки, итн.)<br>• морски цицачи (фоки, моржови, китови, итн.) и егзотични животни (кенгури, ноеви, алигатори, итн.)<br>• животни купени живи, за исхрана | |
| 01.1.2.6 | **Изнутрици, соодветни за човечка исхрана** | Вклучува:<br>- свежи, разладени, чадени или замрзнати изнутрици, соодветни за човечка исхрана | |
| 01.1.2.7 | **Сушено, солено или чадено месо** | Вклучува:<br>- сушено, солено или чадено месо (колбаси, салами, сланина, шунка, итн.) | |
| 01.1.2.8 | **Други месни преработки** | Вклучува:<br>- друго конзервирано или преработено месо и месни преработки (месо од конзерви, екстракти од месо, сокови од месо, пити од месо, итн.)<br>- кнедли, палачинки полнети со месо<br>- мелено месо, сурово или подготвено од повеќе видови мелено месо<br>- сите видови на паштети, вклучувајќи и паштети од црн дроб<br>Исклучува:<br>- пица и пити (01.1.1.5) | |
| 01.1.3 | **Риба и морски плодови** | | нетрајни добра |
| 01.1.3.1 | **Свежа или разладена риба** | Вклучува:<br>- свежа или разладена риба<br>- жива риба купена за исхрана | |
| 01.1.3.2 | **Замрзната риба** | Вклучува:<br>- замрзната риба | |
| 01.1.3.3 | **Свежи или разладени морски плодови** | Вклучува:<br>- свежи или разладени морски плодови (ракови, мекотелци и други школки, морски полжави)<br>- живи морски плодови купени за исхрана<br>Исто така, вклучува:<br>- слатководни ракови, копнени полжави и жаби | |
| 01.1.3.4 | **Замрзнати морски плодови** | Вклучува:<br>- замрзнати морски плодови | |
| 01.1.3.5 | **Сушена, чадена или солена риба и морски плодови** | Вклучува:<br>- сушена, чадена или солена риба и морски плодови | |
| 01.1.3.6 | **Друга конзервирана или преработена риба и подготовки од морски плодови** | Вклучува:<br>- друга конзервирана или преработена риба и морски плодови и подготовки од морски плодови и риба (риба од конзерви и морски плодови, кавијар и други видови икра, пити од риба, панирана риба, итн.)<br>- кнедли, палачинки полнети со риба<br>Исклучува:<br>- пица и пити кои содржат риба и морски плодови (01.1.1.5)<br>- супи, чорби и концентрати кои содржат риба и морски плодови (01.1.9.9) | |
| 01.1.4 | **Млеко, сирење и јајца** | | нетрајни добра |
| 01.1.4.1 | **Свежо полномасно млеко** | Вклучува:<br>- свежо, полномасно млеко<br>- пастеризирано или стерилизирано млеко<br>Исто така, вклучува:<br>- „ултрапастеризирано“ или „UHT“ млеко | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 01.1.4.2 | **Свежо млеко со ниска масленост** | Вклучува:<br>- свежо млеко, со ниска масленост<br>- пастеризирано или стерилизирано млеко<br>Исто така, вклучува:<br>- „ултрапастеризирано“ или „UHT“ млеко, полуобезмастено млеко и обезмастено млеко | |
| 01.1.4.3 | **Конзервирано млеко** | Вклучува:<br>- кондензирано, исушено или млеко во прав | |
| 01.1.4.4 | **Јогурт** | Вклучува:<br>- јогурт, со или без шеќер, какао, овошје или ароми | |
| 01.1.4.5 | **Сирење и урда** | Вклучува:<br>- тврдо, полутврдо, модро сирење, младо бело сирење, моцарела, „fromage blanc“ (каша од свежо крем сирење) | |
| 01.1.4.6 | **Други млечни производи** | Вклучува:<br>- кајмак, млечни десерти, млечни пијалаци и други слични млечни производи<br>- млечни производи кои не се од стандардно млеко, како на пример, млеко од соја<br>Исклучува:<br>- путер и производи од путер (01.1.5.1)<br>- десерти од соја (01.1.9.4) | |
| 01.1.4.7 | **Јајца** | Вклучува:<br>- јајца и производи кои во целост се направени од јајца | |
| 01.1.5 | **Масла и масти** | | нетрајни добра |
| 01.1.5.1 | **Путер** | Вклучува:<br>- путер и производи од путер (масло од путер, пречистен путер, итн.) | |
| 01.1.5.2 | **Маргарин и други растителни масти** | Вклучува:<br>- маргарин (вклучувајќи и диетален маргарин) и други растителни масти (вклучувајќи и путер од кикирики) | |
| 01.1.5.3 | **Маслиново масло** | Вклучува:<br>- маслиново масло | |
| 01.1.5.4 | **Други масла соодветни за човечка исхрана** | Вклучува:<br>- други масла соодветни за човечка исхрана (масло од пченка, масло од сончогледово семе, масло од семе од памук, масло од соја, масло од кикирики, масло од ореви, итн.)<br>Исклучува:<br>- масло од црн дроб на бакалар или иверка (06.1.1.0) | |
| 01.1.5.5 | **Други животински масти соодветни за човечка исхрана** | Вклучува:<br>- животински масти соодветни за човечка исхрана (свинска маст, итн.) | |
| 01.1.6 | **Овошје** | | нетрајни добра |
| 01.1.6.1 | **Свежо или разладено овошје** | Вклучува:<br>- дињи и лубеници, јагодесто овошје | |
| 01.1.6.2 | **Замрзнато овошје** | Вклучува:<br>- замрзнато овошје<br>- замрзнато јагодесто овошје | |
| 01.1.6.3 | **Суво овошје и јаткасти плодови** | Вклучува:<br>- сушено овошје, кандирани кори од овошје, овошни зрна<br>- јаткасти плодови и семиња соодветни за човечка исхрана<br>- сушено јагодесто овошје | |
| 01.1.6.4 | **Конзервирано овошје и производи од овошје** | Вклучува:<br>- конзервирано овошје и производи од овошје<br>- диететски препарати и кулинарски состојки приготвени исклучиво од овошје<br>- овошје од конзерви | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 01.1.7 | **Зеленчук** | | нетрајни добра |
| 01.1.7.1 | **Свеж или разладен зеленчук освен компири и друг коренест зеленчук** | Вклучува:<br>- свеж или разладен зеленчук одгледуван поради:<br>• лисјата или стебленцата (аспарагус, брокула, карфиол, ендевија, анасон, спанаќ итн.),<br>• плодовите (модар патлиџан, краставици, тиквички, пиперки, тикви, домати итн.) и<br>• коренот (цвекло, моркови, кромид, пашканат, трупка, репа итн.) | |
| 01.1.7.2 | **Замрзнат зеленчук освен компири и друг коренест зеленчук** | Вклучува:<br>- замрзнат зеленчук одгледуван поради:<br>• лисјата или стебленцата (аспарагус, брокула, карфиол, ендевија, анасон, спанаќ, итн.),<br>• плодовите (модар патлиџан, краставици, тиквички, пиперки, тикви, домати, итн.) и<br>• коренот (цвекло, моркови, кромид, пашканат, трупка, репа итн.) | |
| 01.1.7.3 | **Сушен зеленчук, друг конзервиран или преработен зеленчук** | Вклучува:<br>- производи од зеленчук, диететски препарати и кулинарски состојки приготвени исклучиво од зеленчук<br>- мешан зеленчук<br>- зеленчук од конзерви<br>- мешунки | |
| 01.1.7.4 | **Компири** | Вклучува:<br>- свежи, разладени и конзервирани компири<br>Исто така, вклучува:<br>- замрзнати подготовки како што се исецкани компири<br>Исклучува:<br>- скроб од компир (01.1.1.8)<br>- сладок компир (01.1.7.6) | |
| 01.1.7.5 | **Чипс** | Вклучува:<br>- чипс од компири (обичен или со различни вкусови и состојки, вклучувајќи билки, зачини, сирење и вештачки адитиви)<br>- чипс направен од пченка, тапиока и друг коренест зеленчук | |
| 01.1.7.6 | **Друг коренест зеленчук и производи од коренест зеленчук** | Вклучува:<br>- маниока, индиска маранта, касава, сладок компир, итн.<br>- производи од коренест зеленчук (брашно, готови јадења, снегулки, пире) | |
| 01.1.8 | **Шеќер, џем, мед, чоколада и кондиторски производи** | | нетрајни добра |
| 01.1.8.1 | **Шеќер** | Вклучува:<br>- шеќер од шеќерна трска или шеќерна репка, нерафиниран или рафиниран, во прав, кристализиран или во коцки | |
| 01.1.8.2 | **Џем, мармалад и мед** | Вклучува:<br>- џемови, мармалади, компоти, желеа, овошни пиреа и пасти, природен и вештачки мед, јаворов сируп, меласа и делови на растенија конзервирани во шеќер | |
| 01.1.8.3 | **Чоколада** | Вклучува:<br>- чоколада и храна и десерти базирани на какао<br>Исклучува:<br>- какао и чоколада во прав (01.2.1.3) | |
| 01.1.8.4 | **Кондиторски производи** | Вклучува:<br>- гуми за џвакање, бонбони, карамели, пастили и други кондиторски производи | |
| 01.1.8.5 | **Мраз соодветен за човечка исхрана и сладолед** | Вклучува:<br>- сорбет (десерт кој се состои од замрзнат овошен сок или ароматизирана вода и шеќер) | |
| 01.1.8.6 | **Вештачки замени за шеќер** | Вклучува:<br>- вештачки замени за шеќер | |
| 01.1.9 | **Прехранбени производи, неспомнати на друго место** | | нетрајни добра |
| 01.1.9.1 | **Сосови и зачини** | Вклучува:<br>- сосови, мирудии, зачини (сенф, мајонез, кечап, соја сос, итн.), оцет | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 01.1.9.2 | **Сол, зачини и кулинарски билки** | Вклучува:<br>- сол, зачини (бибер, пимент, ѓумбир, итн.), кулинарски билки (магдонос, рузмарин, мајчина душица, итн.) | |
| 01.1.9.3 | **Храна за бебиња** | Вклучува:<br>- хомогенизирана храна за бебиња, без оглед на составот | |
| 01.1.9.4 | **Готови јадења** | Вклучува:<br>- подготвени јадења (храна од конзерва, замрзната храна или храна подготвена за консумирање во текот на денот), без оглед на составот, се класифицираат во оваа категорија кога цената ги покрива само трошоците за производот<br>- сендвичи<br>Исклучува:<br>- пица и пити (01.1.1.5)<br>- тестенини и кускус подготвен во сите облици (01.1.1.6)<br>- пити со месо (01.1.2.8)<br>- пити со риба (01.1.3.6) | |
| 01.1.9.9 | **Други прехранбени производи, неспомнати на друго место** | Вклучува:<br>- подготвен прашок за печиво, пекарски квасец, десертни препарати, супи, чорби, кулинарски состојки, итн.<br>- диететски препарати, без оглед на составот<br>Исклучува:<br>- диетален маргарин (01.1.5.2)<br>- диететски препарати базирани исклучиво на овошје (01.1.6.4) | |
| 01.2 | **Безалкохолни пијалаци** | | |
| 01.2.1 | **Кафе, чај и какао** | | нетрајни добра |
| 01.2.1.1 | **Кафе** | Вклучува:<br>- кафе, со или без кофеин, печено или мелено, вклучувајќи и инстант кафе<br>Исто така, вклучува:<br>- замени за кафе<br>- екстракти и есенции од кафе | |
| 01.2.1.2 | **Чај** | Вклучува:<br>- чај, мате-чај и други растителни производи за подготовка на пијалак, лек или екстракт<br>Исто така, вклучува:<br>- замена за чај<br>- екстракти и есенции од чај | |
| 01.2.1.3 | **Какао и чоколада во прав** | Вклучува:<br>- какао, засладено или незасладено и чоколада во прав<br>Исто така, вклучува:<br>- напитоци од какао<br>Исклучува:<br>- чоколада во долги плочки или чоколада во коцки (01.1.8.3)<br>- храна и десерти базирани на какао (01.1.8.3) | |
| 01.2.2 | **Минерална вода, безалкохолни пијалаци, сокови од овошје и зеленчук** | | нетрајни добра |
| 01.2.2.1 | **Минерална или изворска вода** | Вклучува:<br>- минерална или негазирана (изворска) вода<br>- сите видови на вода за пиење кои се продаваат во амбалажа | |
| 01.2.2.2 | **Безалкохолни пијалаци** | Вклучува:<br>- безалкохолни пијалаци како што се газирани сокови, лимонада и кола<br>Исклучува:<br>- безалкохолни пијалаци кои генерално се алкохолни, како што е безалкохолното пиво (02.1) | |
| 01.2.2.3 | **Сокови од овошје и зеленчук** | Вклучува:<br>- сокови од овошје и зеленчук<br>- сирупи и концентрати за подготовка на напитоци | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 02 | **АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ, ТУТУН И НАРКОТИЦИ** | | |
| 02.1 | **Алкохолни пијалаци** | | |
| 02.1.1 | **Жестоки алкохолни пијалаци** | | нетрајни добра |
| 02.1.1.1 | **Жестоки алкохолни пијалаци и ликери** | Вклучува:<br>- ракија, ликери и други жестоки алкохолни пијалаци со висок процент на алкохол<br>Исто така, вклучува:<br>- медовина<br>- аперитиви освен аперитиви базирани на вино<br>Исклучува:<br>- аперитиви базирани на вино (02.1.2.4) | |
| 02.1.1.2 | **Алкохолни пијалаци со низок процент на алкохол** | Вклучува:<br>- вид на сода-вода со низок процент на алкохол | |
| 02.1.2 | **Вино** | | нетрајни добра |
| 02.1.2.1 | **Вино од грозје** | Вклучува:<br>- шампањ и други пенливи вина | |
| 02.1.2.2 | **Вино од друго овошје** | Вклучува:<br>- јаболковина и крушковина, вклучувајќи и ракија од ориз | |
| 02.1.2.3 | **Зајакнати вина** | Вклучува:<br>- вермут, шери, слатко вино (Porto) | |
| 02.1.2.4 | **Пијалаци на база на вино** | Вклучува:<br>- аперитиви базирани на вино, безалкохолно вино | |
| 02.1.3 | **Пиво** | | нетрајни добра |
| 02.1.3.1 | **Лагер пиво** | Вклучува:<br>- Pilsner, Bock, Dortmunder Export и Märzen светли (лагер) пива<br>Исто така, вклучува:<br>- светло и темно лагер пиво, како што се Dunkel (темно пиво) и Schwarzbier (црно пиво) | |
| 02.1.3.2 | **Друго алкохолно пиво** | Вклучува:<br>- сите видови на Ale пиво<br>Исто така, вклучува:<br>- хибридно пиво или пиво од мешан стил, како што се Altbier и Kölsch, парно пиво, пиво од овошје и зеленчук, пиво со билки и зачини, Wood-aged пиво, односно пиво одлежано/зреено во дрвени буриња, чадено пиво или пиво во стил на шампањ | |
| 02.1.3.3 | **Пиво со низок процент на алкохол и безалкохолно пиво** | Вклучува:<br>- пиво со низок процент на алкохол кое нема усогласен процент на алкохол во волуменот во сите земји-членки на ЕУ, но би требало да биде приближно помалку од 1% алкохол во волумен | |
| 02.1.3.4 | **Пијалаци на база на пиво** | Вклучува:<br>- пиво со сода ("Panache"), пиво со Coca-Cola<br>Исто така, вклучува:<br>- "Shandy" (мешавина од пиво и сода-вода со вкус на ѓумбир) | |
| 02.2 | **Тутун** | | |
| 02.2.0 | **Тутун** | | нетрајни добра |
| 02.2.0.1 | **Цигари** | Вклучува:<br>- цигари<br>Исклучува:<br>- други производи за пушачи (12.3.2.9) | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 02.2.0.2 | **Пури** | Вклучува:<br>- пури<br>Исклучува:<br>- други производи за пушачи (12.3.2.9) | |
| 02.2.0.3 | **Други тутунски производи** | Вклучува:<br>- тутун за лулиња, тутун за џвакање или бурмут (тутун за шмркање)<br>- тутун и хартија за цигари<br>Исклучува:<br>- други производи за пушачи (12.3.2.9) | |
| 02.3 | **Наркотици** | | |
| 02.3.0 | **Наркотици** | | нетрајни добра |
| 02.3.0.0 | **Наркотици** | Вклучува:<br>- марихуана, опиум, кокаин и нивни деривати<br>- други наркотици на база на растенија како што се Cola ореви, Betel лисја и Betel ореви<br>- други наркотици, вклучувајќи хемиски и синтетички произведени наркотици | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 03 | **ОБЛЕКА И ОБУВКИ** | | |
| 03.1 | **Облека** | | |
| 03.1.1 | **Ткаенини за изработка на облека** | | полутрајни добра |
| 03.1.1.0 | **Ткаенини за изработка на облека** | Вклучува:<br>- ткаенини за облека од природни влакна, од вештачки влакна и нивни мешавини<br>Исклучува:<br>- ткаенини за мебел (05.2.0.1) | |
| 03.1.2 | **Облека** | | полутрајни добра |
| 03.1.2.1 | **Облека за мажи** | Вклучува:<br>- облека за мажи, конфекциска или шиена по мерка, од сите видови материјали (вклучувајќи кожа, крзно, пластика и гума), за секојдневно носење, за спорт или за работа:<br>• пелерини, наметки, мантили за дожд, ветровки, виндјакни со качулка, кратки јакни и капути, панталони, елеци, одела, костуми, итн.<br>• кошули, пуловери, џемпери, блузи, шорцеви, костими за капење, тренерки, тренерки за џогирање, дуксери, Т-маици, трикоа итн.<br>• поткошули, гаќи, кратки чорапи, итн.<br>- пижами, домашни наметки, баде мантили, бањарки, итн. | |
| 03.1.2.2 | **Облека за жени** | Вклучува:<br>- облека за жени, конфекциска или шиена по мерка, од сите видови материјали (вклучувајќи кожа, крзно, пластика и гума), за секојдневно носење, за спорт или за работа:<br>• пелерини, наметки, мантили за дожд, ветровки, виндјакни со качулка, блузони, кратки јакни и капути, панталони, елеци, одела, костуми, фустани, здолништа итн.<br>• кошули, пуловери, џемпери, блузи, шорцеви, костими за капење, тренерки, тренерки за џогирање, дуксери, Т-маици, трикоа итн.<br>• поткошули, гаќи, кратки чорапи, доколенки, хулахопки, потсукњи, градници, гаќички, слип гаќички, мидери, корсети итн.<br>- пижами, ноќници, домашни наметки, пењоари, бањарки итн.<br>Исто така, вклучува:<br>- унисекс облека | |
| 03.1.2.3 | **Облека за доенчиња (0-2 години) и деца (3-13 години)** | Вклучува:<br>- облека за доенчиња (од 0 до 2 години), конфекциска или шиена по мерка, од сите видови материјали (вклучувајќи кожа, крзно, пластика и гума), за секојдневно носење, за спорт<br>- облека за бебиња и бебешки чизмички направени од ткаенина<br>- облека за деца (од 3 до 13 години), конфекциска или шиена по мерка, од сите видови материјали (вклучувајќи кожа, крзно, пластика и гума), за секојдневно носење, за спорт:<br>• пелерини, наметки, мантили за дожд, ветровки, виндјакни со качулка, блузони, кратки јакни и капути, панталони, елеци, одела, костуми, фустани, здолништа, итн.<br>• кошули, пуловери, џемпери, блузи, шорцеви, костими за капење, тренерки, тренерки за џогирање, дуксери, Т-маици, трикоа, итн.<br>• поткошули, гаќи, кратки чорапи, доколенки, хулахопки, подсукњи, градници, гаќички, слип гаќички<br>- пижами, ноќници, спаваќици, домашни наметки, пењоари, бањарки, итн. | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 03.1.3 | **Друга облека и додатоци за облека** | | полутрајни добра |
| 03.1.3.1 | **Друга облека** | Вклучува:<br>- вратоврски, џебни марамчиња, марами, шалови, ракавици со пет прсти, ракавици без прсти, муфови (крзнени ракавици во облик на цевка во која се вовлекуваат дланките), ремени, трегери, престилки, работни наметки, детски лигавчиња, штитници за ракави, шапки, капи, беретки, качкети итн.<br>Исто така, вклучува:<br>- градинарски ракавици и работни ракавици<br>- заштитни кациги за мотоцикли и велосипеди<br>Исклучува:<br>- ракавици и други производи изработени од гума (05.6.1.2)<br>- обични игли, безопасни игли, игли за шиење, игли за плетење, напрстоци (05.6.1.2)<br>- заштитни капи за спорт (09.3.2.1)<br>- друга заштитна опрема за спорт како што се појаси за спасување, боксерски ракавици, штитници за тело, појаси, потпирачи, итн. (09.3.2.1)<br>- хартиени марамчиња (12.1.3.2)<br>- часовници, накит, манжетни за кошули, игли за вратоврски (12.3.1)<br>- стапови за одење и бастуни, чадори и чадори за сонце, ладала, приврзоци за клучеви (12.3.2.9) | |
| 03.1.3.2 | **Додатоци за облека** | Вклучува:<br>- конци за шиење, предива за плетење и прибор за изработка на облека како што се токи, копчиња, копчиња со притискање, патенти, панделки, чипки, позамантерија, итн. | |
| 03.1.4 | **Чистење, поправка и изнајмување на облека** | | услуги |
| 03.1.4.1 | **Чистење на облека** | Вклучува:<br>- хемиско чистење, перење и боење на облека<br>Исклучува:<br>- хемиско чистење, перење, боење и изнајмување на постелнина и други текстилни производи за домаќинствата (05.6.2.2) | |
| 03.1.4.2 | **Поправка и изнајмување на облека** | Вклучува:<br>- штепување, крпење, поправка и преправање на облека<br>- изнајмување на облека<br>Исто така, вклучува:<br>- вкупна вредност на услугата поправка (покривање на трошоците за вложениот труд и трошоците за материјали)<br>Исклучува:<br>- материјали, конци, прибор, итн., купени од домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки за сопствена сметка (03.1.1.0) или (03.1.3)<br>- поправка на постелнина и други текстилни производи за домаќинствата (05.2.0) | |
| 03.2 | **Обувки** | | |
| 03.2.1 | **Чевли и други обувки** | | полутрајни добра |
| 03.2.1.1 | **Обувки за мажи** | Вклучува:<br>- сите видови на обувки за мажи<br>Исто така, вклучува:<br>- врвки за чевли<br>- делови на обувки, како што се потпетици, ѓонови итн., купени од домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки за сопствена сметка<br>- спортски обувки соодветни за секој ден или за користење во слободно време (патики за трчање, крос-тренинзи, тенис, кошарка, веслање итн.)<br>Исклучува:<br>- поправка и изнајмување на обувки (03.2.2.0) | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 03.2.1.2 | **Обувки за жени** | Вклучува:<br>- сите видови на обувки за жени<br>Исто така, вклучува:<br>- гамаши (доколенки изработени од груб материјал-чоја или кожа за заштита на чевлите) и слични производи<br>- врвки за чевли<br>- делови на обувки како што се потпетици, ѓонови итн., купени од домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки за сопствена сметка<br>- спортски обувки соодветни за секој ден или за користење во слободно време (патики за трчање, крос-трененинзи, тенис, кошарка, веслање итн.)<br>- обувки „унисекс“<br>Исклучува:<br>- поправка и изнајмување на обувки (03.2.2.0) | |
| 03.2.1.3 | **Обувки за доенчиња и деца** | Вклучува:<br>- сите обувки за деца (од 3 до 13 години) и доенчиња (од 0 до 2 години)<br>Исто така, вклучува:<br>- гамаши (доколенки изработени од груб материјал-чоја или кожа за заштита на чевлите) и слични производи<br>- врвки за чевли<br>- делови на обувки како што се потпетици, ѓонови итн., купени од домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки за сопствена сметка<br>- спортски обувки соодветни за секој ден или за користење во слободно време (патики за трчање, крос-тренинзи, тенис, кошарка, веслање итн.)<br>Исклучува:<br>- поправка и изнајмување на обувки (03.2.2.0) | |
| 03.2.2 | **Поправка и изнајмување на обувки** | | услуги |
| 03.2.2.0 | **Поправка и изнајмување на обувки** | Вклучува:<br>- поправка на обувки<br>- услуги за чистење на обувки<br>- изнајмување на обувки<br>Исто така, вклучува:<br>- вкупна вредност на услугата поправка (покривање на трошоците за вложениот труд и трошоците за материјали)<br>Исклучува:<br>- делови на обувки како што се потпетици, ѓонови итн., купени од домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки за сопствена сметка (03.2.1)<br>- пасти за полирање, креми и други средства за чистење на чевли (05.6.1.1)<br>- поправка на специјални обувки за спорт (ски-чизми, копачки, чевли за голф и други слични обувки опремени со лизгалки, ролери, шила, нитни итн.) (09.3.2.3)<br>- изнајмување на специјални обувки за спорт (ски-чизми, копачки, чевли за голф и други слични обувки опремени со лизгалки, ролери, шила, нитни итн.) (09.4.1.2) | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 04 | **ДОМУВАЊЕ, ВОДА, ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС И ДРУГИ ГОРИВА** | | |
| 04.1 | **Реални наемнини за домување** | | |
| 04.1.1 | **Реални наемнини кои ги плаќаат станарите** | | услуги |
| 04.1.1.0 | **Реални наемнини кои ги плаќаат станарите** | Вклучува:<br>- реални наемнини платени од станарите или потстанарите за изнајмени неопремени или опремени станови, како нивно главно место на живеење<br>Исто така, вклучува:<br>- плаќања од страна на домаќинствата, односно подмирување на трошоците за изнајмување на соба во хотел или пансион како нивно главно место на живеење<br>Исклучува:<br>- изнајмување на гаражи (04.1.2.2)<br>- услуги за сместување во образовни установи и хостели (11.2.0.3)<br>- домови за стари лица (12.4.0.2) | |
| 04.1.2 | **Други реални наемнини** | | услуги |
| 04.1.2.1 | **Реални наемнини кои ги плаќаат станарите за секундарни престојувалишта** | Вклучува:<br>- реални наемнини платени за секундарни престојувалишта<br>Исклучува:<br>- услуги за сместување во туристички населби и одморалишта (11.2.0.2) | |
| 04.1.2.2 | **Наемнини за гаражи и други наемнини кои ги плаќаат станарите** | Вклучува:<br>- плаќање наемнини за користење на гаража со што се обезбедува услуга за паркирање заедно со изнајмување на станот<br>Гаражата не мора да биде физички поврзана со станот, ниту пак мора да биде изнајмена од истиот сопственикот.<br>Исклучува:<br>- плаќање наемнина за користење на гаража или паркинг-простор при што не се обезбедува услуга за паркирање заедно со изнајмување на станот (07.2.4) | |
| 04.2 | **Импутирани наемнини за домување** | | |
| 04.2.1 | **Импутирани наемнини за сопствениците-станари** | | услуги |
| 04.2.1.0 | **Импутирани наемнини за сопствениците-станари** | Вклучува:<br>- импутирани наемнини за сопствениците-станари на нивното главно место на живеење | |
| 04.2.2 | **Други импутирани наемнини** | | услуги |
| 04.2.2.0 | **Други импутирани наемнини** | Вклучува:<br>- импутирани наемнини за секундарни живеалишта<br>- импутирани наемнини за домаќинствата кои плаќаат намалена наемнина или имаат бесплатно сместување | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 04.3 | **Одржување и поправки на живеалиштето** | | |
| 04.3.1 | **Материјали за одржување и поправки на живеалиштето** | | нетрајни добра |
| 04.3.1.0 | **Материјали за одржување и поправки на живеалиштето** | Вклучува:<br>- производи и материјали, како што се бои и лакови, ѕидни цртежи, ѕидни тапети, ѕидни облоги од ткаенини, прозорски стакла, гипс, цемент, кит, лепило за ѕидни тапети итн., купени за помали одржувања и поправки на живеалиштето<br>Исто така, вклучува:<br>- ситни инсталации за водовод (цевки, славини, спојки итн.), површински материјали (даски, керамички плочки итн.) и четки и стругала за боја, лакови и ѕидни тапети<br>Исклучува:<br>- теписони и линолеум (05.1.2.2)<br>- рачни алати, спојници за врати, приклучоци, флекс жици и светилки (05.5.2.1, 05.5.2.2)<br>- метли, четки за чистење, четки за бришење на прашина и производи за чистење (05.6.1)<br>- производи, материјали и опрема кои се користат за големи одржувања и поправки или за проширување и преуредување на живеалиштето (инвестиции) | |
| 04.3.2 | **Услуги за одржување и поправки на живеалиштето** | | услуги |
| 04.3.2.1 | **Услуги на водоводџии** | Вклучува:<br>- монтажа, инсталирање, поправка и одржување на цевоводни системи, канализација, олуци, канали, механички услуги и соодветни елементи и опрема за вода и гас | |
| 04.3.2.2 | **Услуги на електричари** | Вклучува:<br>- одржување и поправка на електрични инсталации и соодветна опрема и прибор | |
| 04.3.2.3 | **Услуги за одржување на системи за греење** | Вклучува:<br>- одржување и поправка на системи за греење | |
| 04.3.2.4 | **Услуги за бојадисување** | Вклучува:<br>- подготовка на површините на објектите и другите структури за бојадисување, примена на заштитни и декоративни слоеви на боја или слични материјали или покривање на внатрешни ѕидови и плафони на објектите со тапети или други видови завршни материјали<br>Исто така, вклучува:<br>- услуги на декорирање | |
| 04.3.2.5 | **Столарски услуги** | Вклучува:<br>- сечење, обликување, составување, монтажа, одржување и поправка на разни видови на структури и арматури изработени од дрво и други материјали<br>Исто така, вклучува:<br>- полирање на подови | |
| 04.3.2.9 | **Други услуги за одржување и поправка на живеалиштето** | Вклучува:<br>- изолациски работи<br>- поставување на огради<br>- малтерисување<br>- поплочување<br>- поставување на терацо, мермер, гранит и шкрилци<br>- украсување<br>- услуги на внатрешен дизајн | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 04.4 | **Снабдување со вода и разновидни услуги поврзани со живеалиштето** | | |
| 04.4.1 | **Снабдување со вода** | | нетрајни добра |
| 04.4.1.0 | **Снабдување со вода** | Вклучува:<br>- снабдување со вода<br>Исто така, вклучува:<br>- поврзани издатоци, како што се изнајмување на броила, читање на броила, редовни давачки (паушали), итн.<br>Исклучува:<br>- продажба на вода за пиење во шишиња или во туби (01.2.2.1)<br>- топла вода или пареа купена од топлани (04.5.5.0) | |
| 04.4.2 | **Собирање смет** | | услуги |
| 04.4.2.0 | **Собирање смет** | Вклучува:<br>- собирање и отстранување на смет | |
| 04.4.3 | **Собирање на отпадни води** | | услуги |
| 04.4.3.0 | **Собирање на отпадни води** | Вклучува:<br>- собирање и отстранување на отпадни води | |
| 04.4.4 | **Други услуги поврзани со живеалиштето, неспомнати на друго место** | | услуги |
| 04.4.4.1 | **Трошоци за одржување во згради со повеќе станови** | Вклучува:<br>- заеднички трошоци за одржување, градинарство, чистење на скалишен простор, греење и осветлување, одржување на лифтови и отстранување на смет, итн., во згради со повеќе станови<br>Исклучува:<br>- услуги за домаќинствата како што се чистење на прозорци, дезинфекција, дезинсекција и уништување на штетници (05.6.2.9)<br>- телохранители (12.7.0.4) | |
| 04.4.4.2 | **Услуги за обезбедување** | Вклучува:<br>- услуги за обезбедување<br>Исклучува:<br>- телохранители (12.7.0.4) | |
| 04.4.4.9 | **Други услуги поврзани со живеалиштето** | Вклучува:<br>- чистење на улици и оџачарски услуги<br>Исто така, вклучува:<br>- отстранување на снег | |
| 04.5 | **Електрична енергија, гас и други горива** | | |
| 04.5.1 | **Електрична енергија** | | нетрајни добра |
| 04.5.1.0 | **Електрична енергија** | Вклучува:<br>- поврзани издатоци како што се за изнајмување на броила, читање на броила, редовни давачки (паушали) итн. | |
| 04.5.2 | **Гас** | | нетрајни добра |
| 04.5.2.1 | **Природен гас и градски гас** | Вклучува:<br>- поврзани издатоци како што се за изнајмување на броила, читање на броила, редовни давачки (паушали) итн. | |
| 04.5.2.2 | **Течни јаглеводороди (бутан, пропан и др.)** | Вклучува:<br>- поврзани издатоци, како што се контејнери за складирање, редовни давачки (паушали) итн.<br>Исклучува:<br>- плински боци за кампување со зафатнина помала од 50 kg (09.3.2.2) | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 04.5.3 | **Течни горива** | | нетрајни добра |
| 04.5.3.0 | **Течни горива** | Вклучува:<br>- течни горива за греење и осветлување | |
| 04.5.4 | **Цврсти горива** | | нетрајни добра |
| 04.5.4.1 | **Јаглен** | Вклучува:<br>- јаглен | |
| 04.5.4.9 | **Други цврсти горива** | Вклучува:<br>- кокс, брикети, пелети, огревно дрво, дрвен јаглен, тресет и слично | |
| 04.5.5 | **Топлинска енергија** | | нетрајни добра |
| 04.5.5.0 | **Топлинска енергија** | Вклучува:<br>- топла вода и пареа купени од локални топлани<br>Исто така, вклучува:<br>- поврзани издатоци, како што се за изнајмување на броила, читање на броилата, редовни давачки (паушали) итн.<br>- мраз кој се користи за разладување и замрзнување | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05 | **МЕБЕЛ, ПОКУЌНИНА И РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ ВО ДОМАЌИНСТВАТА** | | |
| 05.1 | **Мебел и покуќнина, теписи и други подни покривки** | | |
| 05.1.1 | **Мебел и покуќнина** | | трајни добра |
| 05.1.1.1 | **Мебел за домаќинствата** | Вклучува:<br>- софи, каучи, маси, столици, шкафчиња, комоди со фиоки и полици за книги<br>- кревети, душеци, основа за душеци, Tatamis (подна покривка од оризова слама), плакари, наткасни<br>- кујнски маси и столови, ормари и работни површини<br>- мебел за употреба во бањи<br>Исклучува:<br>- стилски мебел кој е набавен пред сè поради својата вредност, односно поради вложување во вредности (инвестиција), кревети на кат, мебел за бебиња како што се лулки, високи столчиња - хранилки и огради за играње (детски огради) (05.1.1.9) | |
| 05.1.1.2 | **Мебел за градина** | Вклучува:<br>- мебел за користење во градини | |
| 05.1.1.3 | **Опрема за осветлување** | Вклучува:<br>- опрема за осветлување како што се тавански и стандардни светилки, лустери и ноќни ламби | |
| 05.1.1.9 | **Друг мебел и покуќнина** | Вклучува:<br>- кревети на кат, мебел за бебиња како што се лулки, високи столчиња - хранилки и огради за играње (детски огради)<br>- слики, скулптури, резби, таписерии и други уметнички предмети, вклучувајќи репродукции на уметнички дела и други украси<br>- паравани, монтажни прегради, ролетни, огледала, свеќници<br>Исклучува:<br>- постелнина и чадори за сонце (05.2.0.9)<br>- сефови (05.3.1.9)<br>- украсно стакло и керамички производи (05.4.0.1)<br>- часовници (12.3.1.2)<br>- транспортери и колички за бебиња(12.3.2.2)<br>- ѕидни термометри и барометри (12.3.2.9)<br>- уметнички дела кои се набавени пред сè поради својата вредност, односно поради вложување во вредности (инвестиција) | |
| 05.1.2 | **Теписи и други подни покривки** | | трајни добра |
| 05.1.2.1 | **Теписи и килими** | Вклучува:<br>- теписи и теписони<br>Исклучува:<br>- услуги на поставување на теписони и подни покривки (05.1.2.3)<br>- простирки за бања, рогозински простирки и простирки за пред врата (05.2.0.9)<br>- стилски подни прекривки набавени пред сè поради својата вредност, односно поради вложување во вредности (инвестиција) | |
| 05.1.2.2 | **Други подни покривки** | Вклучува:<br>- еластични подни прекривки како што се винил, линолеум итн.<br>Исклучува:<br>- услуги на поставување на теписони и подни облоги (05.1.2.3) | |
| 05.1.2.3 | **Услуги за поставување на теписони и подни покривки** | Вклучува:<br>- услуги на поставување на теписони и подни прекривки | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05.1.3 | **Поправка на мебел, покуќнина и подни покривки** | | услуги |
| 05.1.3.0 | **Поправка на мебел, покуќнина и подни покривки** | Вклучува:<br>- поправка на мебел, покуќнина и подни прекривки<br>Исто така, вклучува:<br>- вкупна вредност на услугата (покривање на трошоците за вложениот труд и трошоците за материјали)<br>- реставрација на уметнички дела, стилски мебел и подни прекривки освен оние кои се набавени пред сè поради својата вредност, односно поради вложување во вредности (инвестиција)<br>Исклучува:<br>- поединечни набавки на материјали од страна на домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки (05.1.1) или (05.1.2)<br>- хемиско чистење на теписи (05.6.2.2) | |
| 05.2 | **Текстил за домаќинствата** | | |
| 05.2.0 | **Текстил за домаќинствата** | | полутрајни добра |
| 05.2.0.1 | **Ткаенини за мебел и завеси** | Вклучува:<br>- ткаенини за мебел, материјал за пердиња, завеси, двојни завеси, тенди, завеси за врата и материјал за ролетни<br>Исклучува:<br>- поправки на ткаенините за мебел и завеси (05.2.0.4) | |
| 05.2.0.2 | **Постелнина** | Вклучува:<br>- постелнина, како што се чаршафи, навлаки за перници, ќебиња (обични, за патување, за во скут), јоргани од гускини пердуви, креветски покривачи и комарници (мрежи за комарци)<br>Исклучува:<br>- воздушни душеци и вреќи за спиење (09.3.2.2)<br>- поправка на постелнина (05.2.0.4)<br>- електрични ќебиња (05.3.2.9) | |
| 05.2.0.3 | **Прекривки за маса и текстилни производи за бања** | Вклучува:<br>- прекривки за маса и текстилни производи за купатило како што се чаршафи, салфети, пешкири и крпи за лице<br>Исклучува:<br>- поправка на прекривки за маса и текстилни производи за купатило (05.2.0.4) | |
| 05.2.0.4 | **Поправки на текстилни производи за домаќинствата** | Вклучува:<br>- поправка на текстилни производи за домаќинствата | |
| 05.2.0.9 | **Други текстилни производи за домаќинствата** | Вклучува:<br>- други текстилни производи за домаќинствата како што се торби за купување, торби за собирање на облека за перење, торби за чевли, навлаки за облека и мебел, знамиња, чадори за сонце, итн.<br>Исто така, вклучува:<br>- ткаенини, купени на парче<br>- мушами<br>- простирки за бања, рогозински простирки и простирки за пред врата<br>Исклучува:<br>- поправка на други текстилни производи за домаќинствата (05.2.0.4)<br>- навлаки за моторни возила, мотоцикли, итн. (07.2.1.3) | |
| 05.3 | **Апарати за домаќинствата** | | |
| 05.3.1 | **Големи апарати за домаќинствата, електрични или неелектрични** | | трајни добра |
| 05.3.1.1 | **Фрижидери, замрзнувачи и комбинирани фрижидери со комора** | Вклучува:<br>- обични фрижидери и фрижидери со комора | |
| 05.3.1.2 | **Машини за перење и сушење алишта и машини за миење садови** | Вклучува:<br>- барабани за сушење, кабинети за сушење, радијатори за сушење<br>Исклучува:<br>- поправка на машини за перење и сушење алишта и машини за миење на садови (05.3.3.0) | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05.3.1.3 | **Шпорети** | Вклучува:<br>- електрични/на гас/на нафта/керамички плочи, плочи за готвење, ражен за печење, електрични/на гас/конвекциски печки, комбинирани шпорети и микробранови печки<br>Исклучува:<br>- поправка на шпорети (05.3.3.0) | |
| 05.3.1.4 | **Греалки и климатизери** | Вклучува:<br>- климатизери, навлажнувачи на воздух, греалки, бојлери, вентилатори и аспиратори<br>Исклучува:<br>- поправка на греалки и климатизери (05.3.3.0) | |
| 05.3.1.5 | **Опрема за чистење** | Вклучува:<br>- правосмукалки, машини за чистење на пареа, машини за шампонирање на теписи и машини за триење, премачкување и полирање на подови<br>Исклучува:<br>- поправка на опрема за чистење (05.3.3.0) | |
| 05.3.1.9 | **Други големи апарати за домаќинствата** | Вклучува:<br>- други големи апарати за домаќинствата, како што се сефови, машини за шиење, машини за плетење, омекнувачи на вода, итн.<br>Исклучува:<br>- поправка на други големи апарати за домаќинствата (05.3.3.0) | |
| 05.3.2 | **Мали апарати за домаќинствата, електрични** | | полутрајни добра |
| 05.3.2.1 | **Апарати за преработка на храна** | Вклучува:<br>- мултипрактик апарати, миксери за храна и блендери<br>- машини за сечење на парчиња/кришки<br>Исклучува:<br>- поправка на апарати за преработка на храна (05.3.3.0) | |
| 05.3.2.2 | **Апарати за подготовка на кафе, чај и слични апарати** | Вклучува:<br>- апарати за подготовка на кафе<br>- апарати за подготовка на чај<br>- бојлери за вода<br>- котлиња<br>Исклучува:<br>- поправка на апарати за подготовка на кафе, чај и слични апарати (05.3.3.0) | |
| 05.3.2.3 | **Пегли** | Вклучува:<br>- електрични пегли<br>Исклучува:<br>- поправка на пегли (05.3.3.0) | |
| 05.3.2.4 | **Тостери и скари** | Вклучува:<br>- тостери<br>- скара за сендвичи<br>- скара за месо и риба<br>Исклучува:<br>- поправка на тостери и скари (05.3.3.0) | |
| 05.3.2.9 | **Други мали електрични апарати за домаќинствата** | Вклучува:<br>- мелници за кафе<br>- соковници<br>- отворачи на конзерви<br>- фритези<br>- ножеви<br>- апарати за подготовка на сладолед<br>- апарати за подготовка на сорбет<br>- апарати за подготовка на јогурт<br>- грејачи на храна<br>- вентилатори<br>- електрични ќебиња<br>Исклучува:<br>- поправка на други мали електрични апарати за домаќинствата (05.3.3.0) | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05.3.3 | **Поправка на апарати за домаќинствата** | | услуги |
| 05.3.3.0 | **Поправка на апарати за домаќинствата** | Вклучува:<br>- поправка на апарати за домаќинствата<br>Исто така, вклучува:<br>- вкупна вредност на услугата поправка (покривање на трошоците за вложениот труд и трошоците за материјали)<br>- трошоци за земање под закуп (лизинг) или изнајмување на големи апарати за домаќинствата<br>Исклучува:<br>- поединечни набавки на материјали од страна на домаќинствата со цел извршување на самостојни поправки (05.3.1) или (05.3.2) | |
| 05.4 | **Стаклени садови, трпезни садови и прибор за домаќинствата** | | |
| 05.4.0 | **Стаклени садови, трпезни садови и прибор за домаќинствата** | | полутрајни добра |
| 05.4.0.1 | **Стаклени, кристални, керамички и порцелански садови** | Вклучува:<br>- стаклени, кристални, керамички и порцелански садови што се употребуваат за на маса, во кујна, во бања, во тоалет, во канцеларија и за внатрешна декорација<br>Исклучува:<br>- поправка на стаклени, кристални, керамички и порцелански садови (05.4.0.4) | |
| 05.4.0.2 | **Прибор за јадење од обичен материјал и од сребро** | Вклучува:<br>- прибор за јадење од обичен материјал и од сребро<br>Исклучува:<br>- поправка на прибор за јадење од обичен материјал и од сребро (05.4.0.4) | |
| 05.4.0.3 | **Неелектричен кујнски прибор и предмети** | Вклучува:<br>- неелектричен кујнски прибор од сите видови на материјали како што се тенџериња, лонци, експрес лонци, тави за пржење, мелници за кафе, прибор за подготовка на пире, машинки за мелење месо, грејачи за храна, кујнски ваги и други механички апарати<br>- неелектрични производи за домаќинствата од сите видови на материјали, како што се кутии за леб, кафе, зачини итн., корпи за отпадоци, хартија, алишта за перење, преносливи кутии за пари и сефови, држачи за пешкири, шишиња, пегли и даски за пеглање, поштенски сандачиња, шишиња за бебиња, термоси и кутии за мраз<br>Исклучува:<br>- електрични пегли (05.3.2.3)<br>- поправка на неелектричен кујнски прибор и предмети (05.4.0.4) | |
| 05.4.0.4 | **Поправка на стаклени садови, трпезни садови и прибор за домаќинствата** | Вклучува:<br>- поправка на стаклени, кристални, керамички и порцелански садови, прибор за јадење, обичен и од сребро, и неелектричен кујнски прибор и предмети | |
| 05.5 | **Алати и опрема за куќа и градина** | | |
| 05.5.1 | **Големи алати и опрема** | | трајни добра |
| 05.5.1.1 | **Големи алати и опрема, со мотор** | Вклучува:<br>- електрични дупчалки, ударни дупчалки, електрични пили, електрични брусилки<br>- трактори за градина, верижни пили, косилки за трева, ножици за трева, сечачи за ограда, култиватори<br>- пумпи за вода | |
| 05.5.1.2 | **Поправка, закуп (лизинг) и изнајмување на големи алати и опрема** | Вклучува:<br>- поправка, закуп (лизинг) и изнајмување на алати и опрема со мотор | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05.5.2 | **Мали алатки и разновиден прибор** | | полутрајни добра |
| 05.5.2.1 | **Мали алатки без мотор** | Вклучува:<br>- пили, чекани, шрафцигери, рачвести клучеви, клешти, ножеви за подрежување, турпии и стругалки<br>- јаки ножици, градинарски колички, канти за полевање, црева, мотики, лопатки, гребла, вили и секачи<br>- скали и скалички<br>Исклучува:<br>- поправка на мали алатки без мотор (05.5.2.3) | |
| 05.5.2.2 | **Разновиден мал алатен прибор** | Вклучува:<br>- опрема за врати (шарки, рачки и брави), делови за радијатори и камини, други метални производи за домот (корнизи, држачи за теписи и патеки, куки итн.) или за градината (синџири, мрежи, колци и обрачи за оградување и граничење)<br>- приклучоци, прекинувачи, флекс жици, светилки, флуоресцентни цевки за осветлување, фенери, ламби, рачни ламби, батерии, ѕвона, аларми и надворешни светла<br>Исклучува:<br>- поправка на разновиден мал алатен прибор (05.5.2.3) | |
| 05.5.2.3 | **Поправки на мали алатки без мотор и разновиден прибор** | Вклучува:<br>- поправка на мали алатки без мотор и разновиден прибор | |
| 05.6 | **Производи и услуги за редовно одржување на домаќинствата** | | |
| 05.6.1 | **Нетрајни производи за домаќинствата** | | нетрајни добра |
| 05.6.1.1 | **Производи за чистење и одржување** | Вклучува:<br>- детергенти за перење, детергенти за машина за миење садови, абразивни средства за чистење, средства за дезинфекција, средства за избелување, омекнувачи, средства за отстранување на дамки<br>- универзални средства за чистење, средства за чистење на прозорци, средства за одзатнување на одводи, средства за дезинфекција<br>- восоци за полирање подови<br>- пасти за полирање, креми и други средства за чистење на чевли (четки за чевли)<br>- инсектициди, фунгициди, дестилирана вода | |
| 05.6.1.2 | **Други нетрајни мали предмети за домаќинствата** | Вклучува:<br>- лопатки и метлички и четки за прашина<br>- крпи, крпи за миење подови, крпи од еленска кожа<br>- четки за садови, сунѓери за чистење, жици за рибање, челична волна<br>- филтри, чаршафи и асталски салфетки, кујнска хартија во ролни, мрсна хартија за печење, кујнска проѕирна фолија, алуминиумска фолија, милиња<br>- чинии, чаши и прибор за јадење за еднократна употреба<br>- кеси за правосмукалка<br>- свеќи, фитил за светилки, денатуриран алкохол, пластични кеси, кеси за отпадоци<br>- ќибрит, штипки, закачалки за облека, игли, безопасни игли, игли за шиење, игли за плетење, напрстоци, шајки, штрафови, завртки и навртки, клинови, подлошки, лепила и самолепливи ленти за употреба во домаќинствата, врвци, јажиња и гумени ракавици | |
| 05.6.2 | **Домашни услуги и услуги за домаќинствата** | | услуги |
| 05.6.2.1 | **Домашни услуги од страна на платен персонал** | Вклучува:<br>- домашни услуги обезбедени од страна на батлери, готвачи, собарки, возачи, градинари, гувернанти, секретарки, учители, дадилки, бебиситерки<br>Исто така, вклучува:<br>- куќни помошнички кои се занимаваат со пеглање на постелнина и облека во домаќинствата<br>- услуги за домаќинствата обезбедени од страна на самовработени лица или од страна на претпријатија | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 05.6.2.2 | **Услуги за чистење** | Вклучува:<br>- хемиско чистење на постелнина и текстилни производи за домаќинствата<br>- чистење на теписи<br>- перење и боење на текстилни производи за домаќинствата | |
| 05.6.2.3 | **Изнајмување на мебел и покуќнина** | Вклучува:<br>- изнајмување на теписи, опрема и постелнина за домаќинствата | |
| 05.6.2.9 | **Други домашни услуги и услуги за домаќинствата** | Вклучува:<br>- други услуги обезбедени од страна на претпријатија или самовработени лица<br>- чистење, миење прозорци<br>- уништување на штетници, дезинфекција | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 06 | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | | |
| 06.1 | **Медицински производи, помагала и опрема** | | |
| 06.1.1 | **Фармацевтски производи** | | нетрајни добра |
| 06.1.1.0 | **Фармацевтски производи** | Вклучува:<br>- медицински препарати, медицински лекови, патентирани лекови, серуми и вакцини, витамини и минерали, рибино масло и масло од црн дроб на камбала-иверка, орална контрацепција<br>Исто така, вклучува:<br>- хомеопатски лекови<br>Исклучува:<br>- ветеринарни производи (09.3.4.2)<br>- производи за лична хигиена како што се медицински сапуни (12.1.3.2) | |
| 06.1.2 | **Други медицински производи** | | нетрајни добра |
| 06.1.2.1 | **Тестови за бременост и механички контрацептивни средства** | Вклучува:<br>- кондоми | |
| 06.1.2.9 | **Други медицински производи, неспомнати на друго место** | Вклучува:<br>- медицински топломери, лепливи и обични завои, шприцеви за инјекции, прибор за прва помош, термофори и вреќички со мраз, медицинска трикотажа како што се еластични чорапи и стегачи за колена | |
| 06.1.3 | **Терапевтски помагала и опрема** | | трајни добра |
| 06.1.3.1 | **Корективни очила и контактни леќи** | Вклучува:<br>- корективни очила и контактни леќи | |
| 06.1.3.2 | **Слушни помагала** | Вклучува:<br>- слушни помагала | |
| 06.1.3.3 | **Поправка на терапевтски помагала и опрема** | Вклучува:<br>- поправка на терапевтски помагала и опрема | |
| 06.1.3.9 | **Други терапевтски помагала и опрема** | Вклучува:<br>- стаклени очи, вештачки екстремитети и други протетички помагала, ортопедски протези и продолжетоци, ортопедски обувки, хируршки појаси, потпирачи и поддржувачи, штитници за врат, опрема за медицинска масажа и терапевтски ламби, инвалидски колички на моторен погон и механички инвалидски колички и носилки за инвалиди, кревети за терапевтски цели, патерици, електронски и други апарати за мерење крвен притисок, итн.<br>Исто така, вклучува:<br>- забни протези но без трошоци за нивно вградување | |
| 06.2 | **Вонболнички здравствени услуги** | | |
| 06.2.1 | **Медицински услуги** | | услуги |
| 06.2.1.1 | **Општа пракса** | Вклучува:<br>- консултации со лекари од општа пракса | |
| 06.2.1.2 | **Специјалистички ординации** | Вклучува:<br>- консултации со лекари од специјалистичка пракса<br>Исто така, вклучува:<br>- услуги на специјалисти ортодонти | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 06.2.2 | **Стоматолошки услуги** | | услуги |
| 06.2.2.0 | **Стоматолошки услуги** | Вклучува:<br>- услуги на стоматолози, орални хигиеничари и други помошни стоматолошки услуги<br>Исто така, вклучува:<br>- трошоци за вградување на забни протези<br>Исклучува:<br>- забни протези (06.1.3.9)<br>- услуги на специјалисти ортодонти (06.2.1.2)<br>- услуги на медицински аналитички лаборатории и центри за радиолошко снимање (06.2.3.1) | |
| 06.2.3 | **Помошни медицински услуги** | | услуги |
| 06.2.3.1 | **Услуги на медицински аналитички лаборатории и центри за радиолошко снимање** | Вклучува:<br>- услуги на медицински аналитички лаборатории и центри за радиолошко снимање, вклучувајќи ги сите дијагностички и радиолошки методи (на пр., CT-компјутерска томографија, MRI-магнетна резонанца, сонографија) | |
| 06.2.3.2 | **Термички бањи, терапија со корективна гимнастика, услуги на итна медицинска помош и изнајмување на терапевтска опрема** | Вклучува:<br>- термички бањи, терапија со корективна гимнастика, услуги на итна медицинска помош и изнајмување на терапевтска опрема | |
| 06.2.3.9 | **Други помошни медицински услуги** | Вклучува:<br>- услуги на самостојни медицински сестри и акушерки, стручњаци за акупунктура, киропрактика, оптометричари, физиотерапевти, логопеди итн. | |
| 06.3 | **Болнички услуги** | | |
| 06.3.0 | **Болнички услуги** | | услуги |
| 06.3.0.0 | **Болнички услуги** | Вклучува:<br>- болничките услуги опфаќаат обезбедување на следниве услуги за болничките пациенти:<br>• основни услуги<br>• административни услуги<br>• сместување<br>• храна и пијалак<br>• надзор и нега од страна на неспецијализиран персонал (помошен болнички персонал)<br>• прва помош и реанимација<br>• транспорт со брза помош<br>• обезбедување на лекови и други фармацевтски производи<br>• обезбедување на терапевтски апарати и опрема<br>• медицински услуги<br>• услуги на лекари од општа или специјалистичка пракса, услуги на хирурзи и стоматолози<br>• медицинска анализа и рендген<br>• помошни медицински услуги како што се оние на медицински сестри, акушерки, киропрактичари, оптометричари, физиотерапевти, логопеди, итн. | |

## Класификација на личната потрошувачка според намената, 2017 (КЛПН)

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 07 | **ТРАНСПОРТ** | | |
| 07.1 | **Купување на возила** | | |
| 07.1.1 | **Моторни возила** | | трајни добра |
| 07.1.1.1 | **Нови моторни возила** | Вклучува:<br>- нови моторни возила, патнички комбиња, караван возила, фамилијарни возила и слично со погон на две или на четири тркала | |
| 07.1.1.2 | **Половни моторни возила** | Вклучува:<br>- половни моторни возила, патнички комбиња, караван возила, фамилијарни возила и слично со погон на две или на четири тркала | |
| 07.1.2 | **Мотоцикли** | | трајни добра |
| 07.1.2.0 | **Мотоцикли** | Вклучува:<br>- мотоцикли од сите видови, скутери и велосипеди на погон (електрични, соларни, моторни и сл.)<br>Исто така, вклучува:<br>- приколки<br>- моторни санки<br>Исклучува:<br>- инвалидски колички (06.1.3.9)<br>- возила за голф (09.2.1.5) | |
| 07.1.3 | **Велосипеди** | | трајни добра |
| 07.1.3.0 | **Велосипеди** | Вклучува:<br>- велосипеди и трицикли од сите видови<br>Исто така, вклучува:<br>- рикши<br>Исклучува:<br>- велосипеди на погон (електрични, соларни, моторни и сл.) (07.1.2.0)<br>- велосипеди и трицикли, играчки (09.3.1.2) | |
| 07.1.4 | **Запрежни возила** | | трајни добра |
| 07.1.4.0 | **Запрежни возила** | Вклучува:<br>- запрежни возила<br>Исто така, вклучува:<br>- животни потребни за влечење на запрежните возила и соодветна опрема (запреги, околувратник, оглав, узди, дизгини, итн.)<br>Исклучува:<br>- коњи и пони коњчиња, запрежни возила кои ги влечат коњи и пони коњчиња и соодветна опрема која е набавена за рекреативни цели (09.2.1.4) | |
| 07.2 | **Ракување со сопствени превозни средства** | | |
| 07.2.1 | **Резервни делови и прибор за сопствени превозни средства** | | полутрајни добра |
| 07.2.1.1 | **Гуми** | Вклучува:<br>- нови, половни или протектирани (вулканизирани) гуми, вклучувајќи и внатрешни гуми за автомобили, велосипеди, мотоцикли и сл. | |
| 07.2.1.2 | **Резервни делови за сопствени превозни средства** | Вклучува:<br>- свеќички, акумулатори, амортизери, филтри, пумпи и други резервни делови за сопствени превозни средства | |
| 07.2.1.3 | **Прибор за сопствени превозни средства** | Вклучува:<br>- прибор за сопствени превозни средства кој се набавува одделно<br>Исто така, вклучува:<br>- GPS уреди дизајнирани за користење во сопствените превозни средства | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 07.2.2 | **Горива и мазива за сопствени превозни средства** | | нетрајни добра |
| 07.2.2.1 | **Дизел** | Вклучува:<br>- дизел | |
| 07.2.2.2 | **Бензин** | Вклучува:<br>- бензин | |
| 07.2.2.3 | **Други горива за сопствени превозни средства** | Вклучува:<br>- течен нафтен гас (ТНГ), алкохол, електрична енергија и мешавини за двотактни мотори | |
| 07.2.2.4 | **Мазива** | Вклучува:<br>- мазива, течност за сопирачки и менувачи, средства за ладење и адитиви<br>Исклучува:<br>- трошоци за промена на масло и подмачкување (07.2.3.0) | |
| 07.2.3 | **Одржување и поправка на сопствени превозни средства** | | услуги |
| 07.2.3.0 | **Одржување и поправка на сопствени превозни средства** | Вклучува:<br>- нарачани услуги за одржување и поправка на сопствени превозни средства, како што се вградување на делови и прибор, балансирање на тркала, технички преглед, помош на пат - влечна служба, промена на масло, подмачкување и миење на возила<br>Исто така, вклучува:<br>- вкупна вредност на услугата поправка (покривање на трошоците за вложениот труд и трошоците за материјали)<br>Исклучува:<br>- одделна набавка на резервни делови, прибор или мазива направени од страна на домаќинствата со цел самостојно одржување (07.2.1) или поправка (07.2.2)<br>- технички преглед (07.2.4.3) | |
| 07.2.4 | **Други услуги поврзани со сопствени превозни средства** | | услуги |
| 07.2.4.1 | **Изнајмување на гаражи, паркинг-простори и сопствени превозни средства** | Вклучува:<br>- изнајмување на гаража или паркинг - простор при што не се обезбедува паркирање поврзано со станот<br>- изнајмување на сопствени превозни средства без возачи<br>Исклучува:<br>- изнајмување на автомобил со возач (07.3.2.2)<br>- трошоци за услуги за осигурување во врска со сопствените превозни средства (12.5.4.1) | |
| 07.2.4.2 | **Објекти за наплата на патарина и паркинг-метри (уреди за наплата на паркирање)** | Вклучува:<br>- објекти за наплата на патарина (мостови, тунели, траекти, автопатишта) и паркинг-метри (уреди за наплата на паркирање) | |
| 07.2.4.3 | **Часови по возење, тестови, возачки дозволи и технички прегледи** | Вклучува:<br>- часови по возење, тестови, возачки дозволи и технички прегледи | |
| 07.3 | **Транспортни услуги** | | |
| 07.3.1 | **Железнички патнички транспорт** | | услуги |
| 07.3.1.1 | **Патнички транспорт со воз** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со воз | |
| 07.3.1.2 | **Патнички транспорт со подземна железница и трамвај** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со подземна железница<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со трамвај | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 07.3.2 | **Патен патнички транспорт** | | услуги |
| 07.3.2.1 | **Патнички транспорт со градски и патнички автобуси** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со градски и патнички автобус | |
| 07.3.2.2 | **Патнички транспорт со такси и изнајмен автомобил со возач** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со такси и со изнајмен автомобил со возач | |
| 07.3.3 | **Воздухопловен патнички транспорт** | | услуги |
| 07.3.3.1 | **Домашни летови** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со авион и хеликоптер, на домашни линии | |
| 07.3.3.2 | **Меѓународни летови** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со авион и хеликоптер, на меѓународни линии (меѓународни значи дека дестинација е надвор од земјата) | |
| 07.3.4 | **Поморски патнички транспорт и патнички транспорт по внатрешни водни патишта** | | услуги |
| 07.3.4.1 | **Поморски патнички транспорт** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со брод, чамец, траект, ховеркрафт и хидроглисер<br>Исто така, вклучува:<br>- транспорт со приватни возила | |
| 07.3.4.2 | **Патнички транспорт по внатрешни водни патишта** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со брод, чамец, траект, ховеркрафт и хидроглисер<br>Исто така, вклучува:<br>- транспорт со приватни возила | |
| 07.3.5 | **Комбиниран патнички транспорт** | | услуги |
| 07.3.5.0 | **Комбиниран патнички транспорт** | Вклучува:<br>- индивидуален и групен превоз на патници и багаж со два или повеќе видови на превоз кога трошоците за превоз не може да се поделат меѓу нив<br>Исто така, вклучува:<br>- транспорт со приватни возила<br>Исклучува:<br>- пакет-аранжмани (09.6.0) | |
| 07.3.6 | **Други транспортни услуги** | | услуги |
| 07.3.6.1 | **Транспорт со жичана железница, жичница со кабини и жичница со отворени седишта** | Исклучува:<br>- превоз со жичница и ски лифтови со седишта во ски центри и центри за одмор (09.4.1.2) | |
| 07.3.6.2 | **Услуги за селење и складирање** | Вклучува:<br>- услуги на носачи и служби за чување и проследување (испраќање) на багаж | |
| 07.3.6.9 | **Други транспортни услуги, неспомнати на друго место** | Вклучува:<br>- провизии на патнички агенции, доколку се плаќаат одделно | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 08 | **КОМУНИКАЦИИ** | | |
| 08.1 | **Поштенски услуги** | | |
| 08.1.0 | **Поштенски услуги** | | услуги |
| 08.1.0.1 | **Услуги за ракување со писма** | Вклучува:<br>- набавка на разгледници и нови поштенски марки, однапред франкирани разгледници и авионски писма | |
| 08.1.0.9 | **Други поштенски услуги** | Вклучува:<br>- услуги на испорака на пратки | |
| 08.2 | **Телефонска и телефакс опрема** | | |
| 08.2.0 | **Телефонска и телефакс опрема** | | трајни добра |
| 08.2.0.1 | **Опрема за фиксна телефонија** | Вклучува:<br>- фиксни телефони | |
| 08.2.0.2 | **Опрема за мобилна телефонија** | Вклучува:<br>- мобилни телефони, вклучувајќи уреди со неколку функции | |
| 08.2.0.3 | **Друга телефонска и телефакс опрема** | Вклучува:<br>- радио-телефони (воки-токи), телефакс машини, телефонски секретарки и телефонски звучници | |
| 08.2.0.4 | **Поправка на телефонска или телефакс опрема** | Вклучува:<br>- поправка на телефонска или телефакс опрема | |
| 08.3 | **Телефонски и телефакс услуги** | | |
| 08.3.0 | **Телефонски и телефакс услуги** | | услуги |
| 08.3.0.1 | **Услуги за фиксна телефонија** | Вклучува:<br>- локални, регионални, национални и меѓународни повици<br>- телефонски повици од јавна линија или од хотели, кафулиња, ресторани и слично<br>- изнајмување на жичана телефонска опрема, телефонски секретарки и телефонски звучници<br>Исто така, вклучува:<br>- трошоци за инсталација и претплата за лична телефонска опрема | |
| 08.3.0.2 | **Услуги за мобилна телефонија** | Вклучува:<br>- национални повици, вклучувајќи гласовни и видео повици<br>- меѓународни повици, вклучувајќи гласовни и видео повици<br>- пораки, вклучувајќи гласовни, пишани (SMS) и сликовни (MMS)<br>- други мобилни телефонски услуги<br>- изнајмување на мобилна (безжична) телефонска опрема<br>Исто така, вклучува:<br>- трошоци за телефонска опрема ако се вклучени во трошоците за претплата<br>- мобилни телефони вклучени во пакет, на пр., припејд или постпејд пакети, главно врзани за одреден оператор за одреден временски период | |
| 08.3.0.3 | **Услуги за интернет-пристап** | Вклучува:<br>- услуги за пристап на интернет обезбедени од страна на операторите на фиксна, мобилна и сателитска инфраструктура<br>- изнајмување на опрема за интернет-пристап<br>Исто така, вклучува:<br>- надоместок за активирање и месечна претплата | |
| 08.3.0.4 | **Пакети на телекомуникациски услуги** | Вклучува:<br>- пакет-услуги телефон/интернет/телевизија | |
| 08.3.0.5 | **Други услуги за пренос на информации** | Вклучува:<br>- услуги за телеграф, телекс и телефакс<br>- VOIP (Voice Over Internet Protocol) услуги<br>- изнајмување на телеграф, телекс, телефакс, радиотелефонска, радиотелеграфска и радиотелекс опрема<br>Исто така, вклучува:<br>- радиотелефонски, радиотелеграфски и радиотелекс услуги | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 09 | **РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРА** | | |
| 09.1 | **Аудио-визуелна, фотографска и информатичка опрема** | | |
| 09.1.1 | **Опрема за прием, снимање и репродукција на звук и слики** | | трајни добра |
| 09.1.1.1 | **Опрема за прием, снимање и репродукција на звук** | Вклучува:<br>- радиоприемници (радиоапарати, радија за автомобили, радиочасовници, двонасочни радија, аматерски радиоприемници и предаватели)<br>- непреносливи CD плеери<br>- непреносливи аудио плеери (без видео функции)<br>- стерео опрема и CD радиокасетофони<br>- стерео системи за автомобили<br>Исто така, вклучува:<br>- приклучни станици (порт репликатори за компјутери), грамофони, радиозасилувачи, микрофони и звучници<br>Исклучува:<br>- портабл (преносливи) звучни и визуелни плеери (09.1.1.3) | |
| 09.1.1.2 | **Опрема за прием, снимање и репродукција на звук и слика** | Вклучува:<br>- телевизиски приемници, вклучувајќи телевизиски антени од сите видови<br>- видео рекордери и DVD рекордери и плеери<br>- уреди за сателитски прием на телевизиска програма ("digiboxes"), домашно кино, видео проектори, сателитски ресивери<br>- blu-ray плеери<br>- уреди за репродукција на слика и тон (со видео функција)<br>- хард диск рекордери | |
| 09.1.1.3 | **Преносливи аудио и видео уреди** | Вклучува:<br>- преносливи аудио и видео плеери<br>- преносливи ТВ приемници | |
| 09.1.1.9 | **Друга опрема за прием, снимање и репродукција на звук и слики** | Вклучува:<br>- слушалки за на уво<br>- дигитални рамки за фотографии<br>Исто така, вклучува:<br>- читачи на е-книги | |
| 09.1.2 | **Фотографска и кинематографска опрема и оптички инструменти** | | трајни добра |
| 09.1.2.1 | **Камери** | Вклучува:<br>- фотоапарати, филмски камери и камери за снимање на звук, проектори за филмови и дијапозитиви (слајдови), опрема за обработка и проекција на филм<br>- видео камери, вклучувајќи и кам-кордери | |
| 09.1.2.2 | **Прибор за фотографска и кинематографска опрема** | Вклучува:<br>- монитори, слајд проектори, леќи (вклучувајќи зум објективи), објективи, блицеви, филтри, мерачи на светлина итн. | |
| 09.1.2.3 | **Оптички инструменти** | Вклучува:<br>- двогледи, микроскопи, телескопи и компаси | |
| 09.1.3 | **Информатичка опрема за обработка на податоци** | | трајни добра |
| 09.1.3.1 | **Персонални компјутери** | Вклучува:<br>- лаптоп компјутери, десктоп компјутери, преносливи компјутери, вклучувајќи тастатура, монитор, маус, принтер, кога се купуваат во пакет<br>Исто така, вклучува:<br>- таблет компјутери | |

| Шифра | Назив | Објаснување | Намена |
|---|---|---|---|
| 09.1.3.2 | **Прибор за информатичка опрема за обработка на податоци** | Вклучува:<br>- скенери, монитори, печатари ако се купени одделно<br>- телефакс и телефонски секретарки на персонални компјутери<br>Исклучува:<br>- тонери и кертриџи (09.5.4.9) | |
| 09.1.3.3 | **Софтвер** | Вклучува:<br>- компјутерски софтверски пакети како што се оперативни системи, апликации, јазици, итн.<br>Исклучува:<br>- претходно снимени дискети и CD-ROM-ови кои содржат книги, речници, енциклопедии, курсеви за странски јазик, мултимедијални презентации и др., во форма на софтвер (09.1.4.1)<br>- софтвер за видео игри (09.3.1.1) | |
| 09.1.3.4 | **Калкулатори и останата информатичка опрема за обработка на податоци** | Вклучува:<br>- џебни калкулатори и електронски календари | |
| 09.1.4 | **Медиуми за снимање** | | полутрајни добра |
| 09.1.4.1 | **Претходно снимени медиуми за снимање** | Вклучува:<br>- CD-а, грамофонски плочи, blu-ray дискови (дискови со висока видео резолуција), видео и DVD-а, касети, видео касети<br>Исто така, вклучува:<br>- превземање (download) на аудио и видео филмови од интернет | |
| 09.1.4.2 | **Неснимени медиуми за снимање** | Вклучува:<br>- CD-а (R- обични и RW - кои може да се користат повеќе пати)<br>- видео и DVD-а (R- обични и RW - кои може да се користат повеќе пати)<br>- blu-ray дискови, касети, видео касети | |
